# Реформи во културната политика за независната сцена за современ танц и современ театар (Извештај за состојбите, заклучоци и препораки)

Извештајот го подготвија:
Милка Ивановска и Биљана Тануровска- Ќулавковски

ЛОКОМОТИВА lokomotiva new initiative
p-e-r.art
Robert Bosch Stiftung
GOETHE INSTITUT
Здружение друштво за македонско-германско пријателство и соработка-Скопје
Verein Gesellschaft für mazedonisch-deutsche Freundschaft und Zusammenarbeit-Skopje

**СОДРЖИНА:**


| | |
|---|---|
| ВОВЕД | стр.3 |
| НЕЗАВИСНА СЦЕНА ЗА СОВРЕМЕН ТАНЦ И СОВРЕМЕН ТЕАТАР ВО МАКЕДОНИЈА: РАЗВОЈ, ФОРМУЛАЦИИ, РАЗМИСЛУВАЊА, ЗАЛОЖБИ | стр.5 |
| 1. ЗАЛАГАЊЕ ЗА МОДЕЛ НА КРЕИРАЊЕ НА КУЛТУРНА ПОЛИТИКА - ПАРТИЦИПАТИВНОСТ НА АКТЕРИТЕ ОД НЕЗАВИСНАТА ИЗВЕДУВАЧКА СЦЕНА ВО КРЕИРАЊЕТО НА КУЛТУРНИ ПОЛИТИКИ | стр.8 |
| 2. ПОСТ - ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПРАКСИ НАСПРОТИ ЗАСТАРЕНИ ИНСТИТУЦИОНАЛНИ РЕШЕНИЈА | стр.10 |
| 3. ОДЛИВ НА КАДРИ И МОБИЛНОСТ ВО ОБЛАСТА НА СОВРЕМЕНИТЕ ИЗВЕДУВАЧКИ УМЕТНОСТИ | стр.12 |
| 4. ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОГРАМИ И ТЕОРИЈА ЗА СОВРЕМЕНИ ИЗВЕДУВАЧКИ УМЕТНОСТИ | стр.14 |
| 5. РАЗВОЈ НА КОМПЕТЕНТНА ПУБЛИКА И КУЛТУРНИ ПОТРЕБИ | стр.16 |
| 6. СОСТОЈБИТЕ СО ОБРАЗОВАНИЕТО И РАБОТНИТЕ МЕСТА НА СЦЕНАТА ЗА СОВРЕМЕН ТАНЦ И ТЕАТАР | стр.16 |
| ЗАКЛУЧОК | стр.20 |

**ВОВЕД**

Овој извештај претставува обид да се интервенира во културната политика на Р. Македонија во делови кои се однесуваат на современата изведувачка сцена: современ танц и современ театар. Имено, извештајот е едно промислување како може поинаку односно според потребите да се уреди културната политика во споментатите делови, и содржи размислувања, констатации, заклучоци и препораки за одредени теми кои ги засегаат актерите кои делуваат во полето на современиот танц и театар, а кои произлегоа од излагањата и дискусиите на учесниците на конференцијата со наслов: *„Како да се уредат нештата со околностите?“* која се одржа на 16 јуни 2012 год. во Младинскиот културен центар, Скопје. Конференцијата *”Како да се уредат нештата со околностите?”*е дел од еден поширок проект кој се занимава со анализирање на проблемите и условите на независната сцена на изведувачките уметности во две поранешни југословенски републики (Србија и Македонија) во чии рамки се организираа два последователни настани: симпозиум во Нови Сад, Србија во организација на Пер-арт и конференција во Скопје, Македонија.

Тематскиот концепт за конференцијата во Скопје го подготвија Биљана Тануровска - Ќулавковски и Искра Шукарова од Локомотива, Центар за нови иницијативи во уметноста и културата, Скопје. Конференцијата беше организирана од Локомотива во соработка со Ксенија Чочкова, алумна на Фондацијата Роберт Бош. Реализацијата на оваа конференција беше финансиски поддржана од Гете Институт и Фондацијата Роберт Бош (Србија), од здружението Друштво за македонско-германско пријателство и соработка, Скопје (Македонија) а се реализираше со пријателска поддршка на Гете-Институтот, Канцеларија за врски, Скопје.

На оваа конференција земаа учество: доктори по театрологија, филозофски и културолошки науки, магистри по менаџмент во култура и културни политики, кореографи, танчери, програмски уредници на едукативни програми за современ танц, продуценти и режисери од Македонија, Србија и Германија. Панелистите на конференцијата беа: **Сенка Анастасова** доктор по филозофски науки, доцент по основи на културните студии на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје; Доц. Д-р **Иванка Апостолова**, вработена како раководител на одделот за Студии на култура (постдипломски студии), на Институтот Евро Балкан, Скопје; **Русе Арсов** продуцент, основач на организацијата Центар за Драмски Уметности (ЦДУ) Т-Хаус, работи и во јавната институција Младински Културен Центар; **Марија Зафирова** е театарски продуцент од Скопје и основач на независниот театар, ТЕАТРА; **Соња Здравкова – Џепаровска**, доктор по театрологија, доцент на академските програми за балетска педагогија и современ танц на Факултетот за музичка уметност при универзитетот „Кирил и Методиј“, Скопје; **Драгана Заревска** визуелен и изведувачки уметник, М-р на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“; **Хана Маркварт** менаџер на програмата Роберт Бош; **Гизела Мулер** одговорна за уметничката и образовна програма на Берлинската школа *Tanzfabrik* и директор на Dance Intensive programme; **Софија Ристевска** дипломиран режисер и М-р по сценски дизајн, самостојно работи во Битола и е дел од независна театарска сцена; **Маријана Савовска** танчерка, кореограф, работи и

живее во Германија**; Биљана Тануровска Ќулавковски**, М-р по менаџмент во култура и културна политика, ко-основач, менаџер и куратор во Локомотива-центар за нови иницијативи во уметноста и културата; **Маријана Цветковиќ – Марковиќ**, М-р по менаџмент и културна политика, ко-основач и менаџер на Станица – сервис за современ танц во Белград, **Искра Шукарова**, кореограф и доцент М-р на академските програми за балетска педагогија и современ танц на Факултетот за музичка уметност при универзитетот „Кирил и Методиј", Скопје.

Во дискусиите на конференцијата земаа учество уште триесетина актери од сцената. Забелешките ги водеше **Милка Ивановска** дипломиран политиколог, соработник на Локомотива во неколку проекти за современ танц.

Во извештајот најнапред се зборува за развојот и состојбата на независната современа танцова и театарска сцена; се заговара партиципативност на актерите на сцената во креирањето на културни политики; се предлагаат нови институционални модели наспроти застарените институционални решенија; се зборува за мобилноста и одливот на кадри, се предлагаат инструменти како да се поддржат истражувањата во областите, и како да се стимулира развојот на теоријата; се разгледуваат системските решенија кои би следеле после понуденото образование, пред се однесувајќи се на типот на работна понуда и условите за работа.

**Целта на конференцијата** беше да се анализираат социо-политичката состојба, условите и потребите во полето на современите изведувачки умености во Македонија како и да се преиспита културната политика која во моментов е ориентирана кон ад хок решенија (еден пример за тоа е последната одлука на министерката за култура за поддршка на приватниот центар Интерарт со тригодишен грант без подлабока анализа на потребните приоритети на сцената. Ова претставува ад хок решение за воведување на долгорочен грант за потребите на само еден субјект од сцената), конзервативно и конвенционалното толкување, формулирање и градење на изведувачките уметности: современиот танц и театар. Проблемот, пред се, беше лоциран во актуелната културна политика која го поддржува мејнстримот (комерцијална и институционална сцена) како водечка естетика и продукциски процес, а не го препознава современиот израз на релевантен начин, односно недоволно е запознаена со потребите и потенцијалите на оваа уметничка форма.

Притоа, **дискусијата главно се фокусираше** на културните политики за изведувачки уметности и ефектите од овие политики, механизмите и инструментите за поддршка и развој (финансиски, институционални, програмски итн.), образовните можности, работните услови и односи, постоечките потенцијали за развој и состојбите со мобилноста како и одливот на кадри од изведувачките уметности во Македонија. На овој настан се споија сцените за современ танц и театар, кои се дел од независната сцена, со цел отварање на дискусија за сличностите и разликите во нивните позиции во културниот систем и културната политика на Р.Македонија.

Учесниците на конференцијата го застапуваа барањето за партиципативност во процесите на градење на политики и одлучување, со цел транспарентност во градење на културна политика која ќе ги застапува потребите на сите актери, наспроти нетранспарентно наметнување и регулирање на потреби на поединци.

Артикулираните проблеми и потреби на независната сцена за современ танц и театар сумирани во овој извештај му се нудат во форма на **заклучоци и препораки** на Министерството за култура со цел соодветно уредување на културната политика во областа на современите изведувачки уметности.

## НЕЗАВИСНА СЦЕНА ЗА СОВРЕМЕН ТАНЦ И СОВРЕМЕН ТЕАТАР ВО МАКЕДОНИЈА: РАЗВОЈ, ФОРМУЛАЦИИ, РАЗМИСЛУВАЊА, ЗАЛОЖБИ

При креирањето на културни политики за современ танц и современ театар важно е да се разбере значењето на овие поими денес, во услови на нови терминологии, вербализации и брзи транзиции на значењата условени од контекстите во кои се создаваат. Во контекст на современите изведувачки сцени на Балканот, беше наведено гледањето на Милена Богавац, драматург од Србија, изложено во Растер - годишно списание за современи изведувачки уметности во издание на *Теорија која хода*- Белград, која современиот (алтернативен) театар го дефинира/објаснува преку портретирање на традиционалните (мејнстрим) театарски институции. Таа вели дека овие институции се карактеризираат со затвореност за современи тенденции, струења и теории, затвореност во една сцена кутија, застарен и гломазен продукциски модел, армија на актери во театарските куќи, мрзоволни и незадоволни од работата техничари, огромни финансиски фондови, гламурозна сценографија, раскошна костимографија и железен репертоар за децениска изведба. Современиот театар и современиот танц се спротивно од ова. Иако сето наведено има за цел дистинкција на тоа што претставува алтернативна, независна и изведувачка уметност, истото е направено со должна почит кон потребите на мејнстримот за ваков пристап.

Или како што ќе се изрази Биљана Тануровска Ќулавковски: „Современиот танц не е поврзан со танцова техника или посебна естетика туку тој е филозофија на движење и кореографирање на контекстот, телото, израз на лично и авторско и не е умешност на техника, и совладување на конвенции, на убаво, приемчиво или естетизирано, туку внесување на нови естетики, кршење и експериментирање со старите.„ Ваквите размислувања околу тоа што е современиот танц и современиот театар денес, треба да се појдовни точки од кои ќе се креираат културните политики во оваа област, бидејќи само така може навистина да се одговори на потребите на оние кои ја создаваат оваа уметност.

Што се однесува до институционалната поставеност на современиот танц во Македонија, денес, во рамки на културната политика, под современ танц се вбројуваат т.е. подразбираат и џез балет, модерен, неокласичен, модернизиран итн.[1]

---

[1] Во соопштение на Министерството за култура за поддршка на независната сцена се вели; "[…] Министерството за култура направи опсежни анализи за степенот на застапеност на современиот танц во независната културна сцена. Професионално, современиот танц е основна определба на културниот центар "Интерарт"и Центарот за нови иницијативи во уметноста „Локомотива", додека во групата аматерски и полупрофесионални се вбројуваат субјектите: „Ребис", „Брејк а лег", „Туту", „Мак Моделс", „Булфорг балет". Изразувајќи ја својата заложба за унапредување на сите сегменти во уметноста, Министерството за култура, редовно во

Почетоците пак на развојот на современиот танц во Македонија се поврзуваат со фазата на демократизација на програмските политики (1990-2012...) на Македонската опера и балет (во тој период Македонски народен театар). Ваквото првично демократизирање на репертоарот се случило пред се', како резултат на процесите на доедукација на кадрите од оваа институција во западно-европските и источно-европските образовни центри. Сепак, институционалната танцова сцена во Македонија олицетворена во Македонската опера и балет продолжува да функционира во затворени рамки, ориентирана доминантно кон сопствениот кореографски кадар, стандардизиран креативен процес со фокус кон финалниот производ, репрезентативна регионална соработка со кадар од поранешните југословенски простори и доминантно класичен балетски репертоар, што претставува легитимна институционална политика, но не и стимулативна политика за развој на нов танцов јазик.

Поради ваквата институционална политика, и поради потребите да се воведат новини од друга страна, на почетокот на 2000тите години, со пионерски чекори почна да се оформува независната сцена за современ танц. Се оформуваат организации: Интерарт (1996) и МТЦ на Рисима Рисимкин (2002) и Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата (2002).[2] Интерарт или МТЦ на Рисима Рисимкин воспостави танцова продукција на кореографката која го води овој центар, интернационален Танц Фест со разнородни претстави и тенденција за следење на афинитетите на публиката и организираше неколку регионални конференции (2004-5 и 2007-8). Додека пак, НВО Локомотива – Центар за нови иницијативи во уметноста и културата од Скопје, започна и во континуитет организира работилници поврзани со едукација во полето на современ танц и друг вид на едукација, (ко)продуцира повеќе дела на македонски автори и го воспостави интернационалниот фестивал за современ танц и перформанс Локомоушн. Овој фестивал демонстрира јасно профилирана содржина и успеа да развие сопствена публика. „Локомотива единствена на современата танцова сцена во Македонија успеа да иницира нов тип на регионална и меѓународна соработка во полето на современиот танц (различен од конвенционалниот модел на репрезентативна соработка кој доминантно се практикува), а тоа го оствари преку разните меѓународни

---

програмите од национален интерес ги поддржува субјектите чија основна определба е современиот танц, потенцираше Канческа-Милевска.“

Во оваа изјава се наведени „Ребис“, „Брејк а лег“, „Туту“, „Мак Моделс“, „Булфорг балет“како аматерски и полупрофесионални организации за современ танц, иако овие субјекти не се занимаваат со современ танц, туку нудат програми за џез балет, модерен балет, неокласичен, програми за деца за класичен балет итн, но не и современ танц. За нив е потребен посебен третман, и поинаков пристап за кој исто се заложуваат присутните на конференцијата. Но, овде се поставува прашањето за релевантноста на оваа опсежна анализа на Министерството за култура за степенот на застапеност на современиот танц во Македонија со оглед на направените грешки во најосновната поделба и мапирање на субјектите од оваа област.

Споменатиот цитат од соопштение со наслов “Поддршка на независната танцова сцена“ е изваден од: http://www.kultura.gov.mk/index.php/odnosi-so-javnost/soopstenija/544-poddrska-na-nezavisnata-tancova-scena на 17.07.2012

[2] Податоците се превземени од презентацијата на тема „Современата македонската танцова сцена“ на Соња Здравковска Џепаровска, Доктор по театрологија, доцент на академските програми за балетска педагогија и современ танц на Академијата за музичка уметност при Универзитетот „Кирил и Методиј“, Скопје. За подетални податоци види во забелешките од конференцијата

проекти меѓу кои може да се издвојат регионалната танцова платформа Номад танц академија, на која е ко-основач, како и европскиот проект Градина на Европа“ - заклучи Маријана Цветковиќ – Марковиќ.

„Локомотива преку својата програма која вклучува нови млади македонски автори демонстрираше квалитети на отвореност и флексибилност кон новите тенденции во современата уметност, интеграција и вистинска соработка со регионалните и меѓународни центри, размена и флуктуација на културни производи, мобилност на кадри, експериментални и истражувачки приоди кон продукцијата на дела, поврзување на праксата со теоријата, поттикнување на хибридни жанри и синкретичност (театар на движење, физички театар, танц театар и др.)“- заклучи Соња Здравковска Џепаровска.

Но и покрај создавањето на одредена критичка маса на луѓе кои од почетокот на 2000тите работеа на создавање на услови за развој и афирмација на современиот танц како препознатлива и независна уметност, се чини дека не се влијаеше врз посериозен развој и оформување на независна сцена за современ танц во Македонија. Идентификуван е вакуум и недоволна иницијативност од страна на младите генерации на танчери, кореографи и културни работници за развој на независната сцена за современ танц што се должи на апатичноста која произлегува од недостатокот на услови, како и несистематични и ад – хок политики од страна на Министерството за култура во оваа сфера. Младите генерации свесно согледуваат дека бројните децениски напори на нивните постари колеги да ги променат условите во полето во кое делуваат не донесе позитивен исход, и заради тоа се одлучуваат своето делување да го насочат надвор од земјата каде условите за работа се на завидно ниво. Соња Здравковска Џепаровска ќе заклучи дека:„Во отсуство на некаква официјална зацртана стратегија за развој на современиот танц во Македонија, неговото профилирање денес се движи помеѓу овие два топоси на континуитет на институционалниот пласт и продирање на новини кои доминантно произлегуваат од вонинституционалната сфера.“

Што се однесува на независната театарска сцена, таа доживува развој во последните неколку години со појавата на низа независни театарски групи кои активно придонесуваат кон децентрализација и мобилност на културните производи во границите на државата. Овој развој се надоврзува, по голем период на вакуум, на иницијативите за развој на независен театар од 90тите години (поврзан со имињата на Дарко Митревски и Александар Поповски) и појавата на Мала Станица како независен продукциски центар. Во 2009 год. во јавноста се појави и иницијатива за формирање на независен театар *Кај навигаторот Цветко (*од страна на тројца еминентни режисери: Слободан Унковски, Иван Поповски и Александар Поповски) кој со својата инфраструктура би ги поддржувал новите и млади автори, но за жал нема изгледи дека овој проект ќе се реализира. Денес во Македонија постои јасен интерес за независните претстави, а тоа најјасно се покажа со минатогодишната вклученост на независните театарски продукции на најголемиот меѓународен театарски фестивал во земјата *Млад Отворен Театар* (2011)[3]. Но и покрај засиленото оформување на оваа сцена за современ театар се чини дека

[3] Програма на Млад Отворен Театар 2011: http://mot.com.mk/

недостигот на финансиски и инфраструктурни услови сериозно ја загрозуваат нејзината одржливост.

Потребни се јасни културни политики во полето на современите изведувачки уметности со цел поттикнување на развој и одржливост на овие сцени, спречување на одливот на кадри од овие уметности, воспоставување на државно спонзорирани програми за стимулирање на мобилност, истражувања, продукциски проекти, меѓународна соработка, резиденцијални и образовни програми.

## 1. ЗАЛАГАЊЕ ЗА МОДЕЛ НА КРЕИРАЊЕ НА КУЛТУРНА ПОЛИТИКА - ПАРТИЦИПАТИВНОСТ НА АКТЕРИТЕ ОД НЕЗАВИСНАТА ИЗВЕДУВАЧКА СЦЕНА ВО КРЕИРАЊЕТО НА КУЛТУРНИ ПОЛИТИКИ

Министерството за култура според уставната и законската рамка на Р. Македонија и стратешките определби на Македонија во областа на културата е идентификувано како главен актер со кои сите останати актери на културната сцена, треба да соработуваат во развојот на културните содржини и политики. Оттаму Министерството за култура и независната изведувачка сцена треба да воспостават еден двонасочен (заемен) однос на соработка со цел рамномерен и плански развој и креирање на културни политики во оваа област.
Овој извештај и оваа конференција се дел од поширокатa заложба за рамноправно учество на независната културна сцена во креирање на културните политики во Македонија. Иако според Законот за култура (член 9, став 4)[4], независната културна сцена е еден од актерите кои учествуваат во подготовката на националната стратегија за култура, досега не постои видлива заложба од страна на државата за политичка афирмација на независната културна сцена како партнер во креирањето на културни политики воопшто, а и во областа на изведувачките уметности.

На конференцијата се донесе генерален заклучок дека процесот на донесување на одлуки во Министерството за култура е високо централизиран и не- институционалниот сектор е значително маргинализиран во креирањето на културните политики. Министерството за култура во континуитет како независна културна сцена ги именува и на исто ниво ги третира во рамки на културната политика оние организации кои се приватни, профитни, организации кои застапуваат аматерско, а не професионално делување, кои поддржуваат поединец наспрема заедница итн. На таков начин не само што погрешно ја идентификува и толкува улогата на независната сцена, туку донесува погрешни одлуки за развој кои не се во корист на сцената.

Оттаму сметаме дека воведување во пракса на нови демократски модели на партиципативност во креирањето на културни политики кои ќе ги опфатат сите актери на независната изведувачка сцена, е неопходно доколку сакаме на вистински начин, промислено и стратешки да се одговори на потребите на

[4] Закон за култура, Неофицијален пречистен текст (Службен весник на РМ бр.31/98, 49/03, 82/2005, 24/2007, 116/2010, 47/2011 и 51/2011): http://www.kultura.gov.mk/images/stories/dokumenti/Zakon_za_kulturata_Precisten_tekst.pdf

независната сцена, и во овој случај, на современата изведувачка сцена. Независната изведувачка сцена во Македонија е мала, но ја сочинуваат искусни актери кои имаат заложба да влијаат на развој на условите во кои создаваат, и кои од осамостојувањето на Р. Македонија се непороменети.

Според Европската комисија и европското искуство, изведувачките уметности се најживо препознаени и финансиски поддржани од Европската Унија заради инкорпорирањето на интердисциплинарни и трансдисциплинарни приоди и толкувања. Министерството за култура во Стратешкиот план за 2012 – 2014 год.[5] зацртува Потпрограма за „Креирање и ажурирање на културната стратегија и политика на Република Македонија во согласност со европските искуства и стандарди.„ На таа линија препознавањето на современите изведувачки уметности како важен ентитет во рамките на културниот систем на Р. Македонија и воведување на нови стандарди на *делување според потребите* е во најголема согласност со европските практики кои Министерството за култура се залага да ги следи и инкорпорира.

Министерството за култура треба да го поддржи развојот на современата изведувачка независна сцена во Македонија бидејќи знаењето и капацитетите со кои располага се јавно и развојно добро кое се инкорпорира во јавните културни и образовни институции со што служи во изградбата на кадри и сцена за изведувачки уметности и преку програмите придонесува за развојот на културните потреби во земјата. Она што ја разликува независната сцена во однос на институционалната сцена и економски помоќните креативни индустрии, се капацитетите за критички уметнички и културни пракси и воведување на нов продукциски процес со кои проактивно придонесува кон развојот на содржините и културната политика. Оваа продуктивна позиција на независната сцена се должи на моделите по кои таа функционира и принципот на одлучување кој таа го заговара, а тоа е пристапот *одоздола – нагоре* или партиципативниот пристап кој овозможува рамномерен и плански развој на сцената.

Досегашните решенија на Министерството за култура во областа на изведувачките уметности се оценети како еднострани и ад –хок што главно се должи на принципот на донесување одлуки во правец *одозгора- надолу* и фаворизирање на политика на лични контакти. Се наметнува итна потреба од надминување на бариерите за соработка помеѓу различни чинители од независната сцена од една страна и Министерството за култура, општинските администрации и националните културни установи од друга страна. Потребно е да се овозможат механизми за отворена соработка и канали за проточна комуникација на линија Министерство за култура – независна сцена и Министерство за култура – субјект.[6]

Тенденција од страна на Министерството за култура за препуштање на културата и уметноста од доменот на јавната одговорност кон пазарните механизми претставува невалидно решение во случајот со современите

---

[5] Стратешки план на Министерството за култура за 2012-2014 превземен од www.kultura.gov.mk на 15 јули 2012г.

[6] На пример, неверојатниот развој на независната сцена за изведувачки уметности во Берлин се должи на долгогодишниот јавен дијалог и препознаеноста на современата уметност како непроценлива вредност од страна на политичките елити.

изведувачки уметности бидејќи таков пазар (односно побарувачка /публика) за истите сеуште не е развиен во Р. Македонија. Еден од заклучоците е дека Министерството за култура со години поддржува комерцијални форми кои кокетираат со публиката наместо да влијаат на развој на културните потреби, и поддржува конвенционални модели на меѓународна соработка (репрезентативни модели) кои на европско и пошироко меѓународно ниво веќе се сметаат за застарени. Потребно е да се создаде политика која ќе се спротивстави на едностраноста и едноличноста на она што се продуцира или увезува со цел создавање на можности за мноштво од различности во современите изведувачки уметности. Според Гизела Мулер, одговорна за уметничката и образовна програма на Берлинската школа Фабрика за танц (*Tanzfabrik)* и директор на Dance Intensive programme:„Главната цел на културните политики треба да биде создавање на структури и средина во која уметничките избори ќе се прават слободно.“

Заклучоци и препораки:

- Залагање и барање за практикување на демократски модели на креирање на културна политика- партиципативност на актерите на независната танцова и театарска сцена во креирање на културните политики, наспроти нетранспарентно донесување на политики и воведување на инструменти со цел фаворизирање на потребите на поединци
- Залагање и барање за донесување на одлуки по принципот одоздола-нагоре
- Знаењето и капацитетите на независната сцена се јавно и развојно добро кое државата и институциите можат да го искористат во градењето на кадри и сцена за изведувачки уметности
- Отстранување на административни пречки за средби, дијалог и соработка (отварање на Министерството за култура за соработка со различни актери од сцената)
- Залагање за негување на различност (имантентна на уметноста) наспроти едностраност и едноличност

## 2. ПОСТ - ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПРАКСИ НАСПРОТИ ЗАСТАРЕНИ ИНСТИТУЦИОНАЛНИ РЕШЕНИЈА

Една од суштинските дилеми во креирањето на културните политики за развој на современите изведувачки уметности е дали старите инстуционални модели ги задоволуваат потребите на сцената или пак има потреба за воведување на нови модели, пост –институционални решенија/пракси. Притоа треба да се имаат во предвид потребите за флексибилност, насоченоста кон експериментирање и истражување, фокусираноста кон работниот процес и неконвенционалните начини на соработка и продукција кои се иманентни карактеристики на современите изведувачки уметности.

Потребите од небирократски и флексибилни форми на организација заради олеснето формулирање на потребите и начинот на продукција налагаат нови модели на институции, а не одново воспоставување на веќе застарените институционални модели. Така на пример предлогот за отварање на Танц театар и танцова компанија во Македонија, институција од модерен тип

карактеристична за развојот на танцовите компании за модерен балет во 80тите години не може да ги задоволи потребите на современата танцова сцена која претставува мноштво од различни авторски пристапи, синкретичност и хибридност. Наместо ова потребен е развој на нови институции или институции кои ќе развиваат резиденцијални програми, програми за мобилност на домашен и странски кадар, програми за истражување во областа на изведувачките уметности, продукција, програми за привремени вработувања на млади кадри со цел трансфер на знаења итн. Оваа институција/институции би ги задоволиле и потребите од простор за работа за сите актери на сцената.

Постојат суштински разлики во продукциските процеси на независната изведувачка сцена и институционалните сцени за танц и театар. Јавната институционална сцена е голема, монолитна и системски нереспонзивна на барањата на современата изведувачка уметност за флексибилност и отвореност. Неиницијативноста и апатијата се проблеми кои произлегуваат од непотизмот кои со години се провлекува во македонските културни институции но пред се' партизацијата во културата. Културните институции во Македонија сеуште, во голем број ги водат, партиски делегирани кадри, а не професионалци. Потребни се стратегии и активности за институционални промени: едукација за нови менаџерски практики на раководните кадри наспроти управување на институциите од страна на уметнички кадри, транспарентни постапки за селекција на кадар, инструменти за отварање на институциите за соработка со независната сцена и вистинска меѓународна соработка наспроти репрезентативност.

Се предлагаат повеќе начини на реформирање на институционалните пракси, пример, можност за влијание одвнатре со пристап одоздола – нагоре или пак создавање на паралелни институции на постоечките кои би функционирале одделно и без интерференција. Се поставува прашањето дали институцијата може да се менува одвнатре имајќи ја предвид институционалната критика, дали треба да се формираат нови пост- институции според потребите, или за овие уметности не се потребни институции туку тие може да функционираат само како дел од граѓанскиот сектор, односно како дел од независната сцена. За да се одговорат овие прашања потребна е интензивна дискусија и концентрирано размислување на оваа тема во периодот кој следи.

Заклучоци и препораки:

- Портрет на јавни културни институции: застарен модел на управување кој се карактеризира со затвореност, нереспонзивност, пирамидална хиерархија, неефикасност, непотизам, политика на лични контакти, недоволен проток на информации и комуникација поради габаритноста и неадаптибилноста на управувачкиот модел.
- Портрет на нови пост-инстуционални пракси: отвореност, флексибилност, насоченост кон учење и истражување, респонзивност, проток на информации и комуникација
- Потреба од дискусии, размислувања и дебатирања околу развој на нови модели на јавни културни институции за современите изведувачки уметности (танц и театар) и воведување на нови менаџерски пракси

## 3. ОДЛИВ НА КАДРИ И МОБИЛНОСТ ВО ОБЛАСТА НА СОВРЕМЕНИТЕ ИЗВЕДУВАЧКИ УМЕТНОСТИ

Значителен број на млади луѓе образовани во полето на изведувачките уметности кои студираат во западно –европските центри, по завршувањето на студиите не се враќаат во Македонија. Причини за заминување на овие кадри во минатото било непостоење на високообразовни програми какви што постојат денес – Катедра за балетска педагогија на Факултетот за музичка уметност, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“–Скопје, Катедра за современ танц (Skopje Dance Academy) на Факултетот за применета музика при приватниот Универзитет за Аудиовизуелни Уметности - Европска Филмска Академија ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк и/или Номад Танц Академијата како регионална платформа за современ танц која нуди иновативни едукативни програми. Пред да се воспостави високо образование во оваа област, оние кои сакаа да го продолжат образованието во полето на современ танц или да работат во тоа поле одлучуваа да заминат и останат во западно – европските центри. Денес како главни причини за нивното неврaќање и неприодонесување кон локалниот контекст се посочуваат недостигот на фидбек и интерес од страна на локалните чинители во полето на танцот за искористување на потенцијалот кои го имаат овие субјекти во смисла на нови знаења, искуства и нови дизајни на работа и продукција. На пример, Македонската опера и балет соработува со кадар од екс-југословенски простори додека домашниот кореографски кадар кои се одлева во странство останува непрепознаен и неискористен.

Денес недостатокот во образованието е надминат, но се поставува прашањето, што потоа? Во Македонија не постои поддршка за работа во независниот сектор, нема  работни места во јавните институции и образованието, инфраструктура и финансии, односно услови за професионален развој во полето на современиот танц.

Изведувачите се принудени да заминат барајќи отворен простор за создавање и комуникација и примена на стекнатото знаење во полето на современиот танц. Според споделеното искуство на изведувачи од Македонија кои имале шанса да работат на различни сцени во Европа, мотивацијата за соработка со поединци или групи од Европа главно се должи на достапноста на финансиски фондови за овие уметности во европските земји, услови за професионален развој и заради постоење на отвореност и иницијативност за соработки од страна на странските изведувачи.

Во Република Македонија и покрај стратегиските определби за поттикнување на мобилноста на кадри во европски контекст, не постои формулирана програма или фонд за поддршка на мобилност во областа на изведувачките уметности. Националната програма е незадоволително формулирана во смисла  на поддршка на мобилност. Програма за мобилност треба да се третира посебно, а не да се доделува како дел од меѓународната програма еднаш годишно. На таков начин, наместо да се стимулира меѓународната соработка, истата се уназадува  и се поддржува репрезентацијата наспроти вистински соработки.

Со цел изградба и развој на домашната сцена за изведувачки уметности постои потреба од создавање на фонд за мобилност на изведувачи од Македонија и странство:

- мобилност на македонски изведувачи во странство со цел претставување на своите дела, но и унапредување, вмрежување, размена на искуства и контакти;
- македонски изведувачи кои работат во странство да доаѓаат во Македонија заради трансфер на знаење, вмрежување, продукција и презентација на дела;
- странски изведувачи и културни работници да доаѓаат во Македонија со што би придонеле кон развој на локалната сцена;
- поддршка на присуството на македонски културни програмери, куратори, културни работници на конференции, фестивали, состаноци на мрежи итн. со цел меѓународна соработка и претставување на македонската уметност.

Во Македонија е потребно основање на програми кои финансиски ќе поддржуваат различни типови на мобилност: резиденцијални програми за изведувачи од Македонија и странство, програми за образование и истражување (лаборатории, работилници итн.).

Мобилноста на кадри и производи (дела) со цел интензивна соработка меѓу различните сцени на европско тло, се додадените вредности на Европската Унија. На конференцијата беше констатирано дека мобилноста на кадри создаде можност изведувачите да живеат на едно мета ниво односно да творат во еден мета контекст, одделени од локалните контексти од кои потекнуваат. Ваквите можности за мобилност овозможија појава на номадски субјекти или деконтекстуализирани субјекти кои црпат кодови, знаења и искуства од различни сцени/контексти. Според Сенка Анастасова,: „Номадскиот субјект секогаш е во недостаток бидејќи губи континуиран увид во случувањата на сцената по што следува тежок процес на обнова и актуелизација. Номадскиот субјект исто така поседува капацитети - нови квалификувани системи, дизајни и начини на функционирање.“ Моќта (капацитети и знаења) на овие изведувачи – номади треба да се актуелизира со создавање на канали за проточна комуникација меѓу нив и сцената/ институциите. Во Македонија не е овозможен ваков проток на комуникација и овие субјекти остануваат непрепознаени од страна на јавните културни институции и Министерството за култура. Овие кадри треба да се гледаат како суштински дел од целината, како значаен ентитет што дејствува во рамките на проширената сцена[7]. Тие имаат потенцијал да го реформираат локалниот контекст бидејќи поседуваат дистанца која е потребна за критичка рефлексија.

Во моментов во Македонија не постои стратегија за поврзување и вклучување на оние кои заминале и овој кадар се поврзува со локалната сцена низ ад – хок соработки. Единствено, Локомотива од Скопје со некои од своите програми овозможува простор за кадрите кои заминале од Македонија да

[7] Според Маријана Цветковиќ –Марковиќ (магистер по менаџмент и културна политика, менаџер на Станица – сервис за современ танц од Белград) проширената сцена е концепт кои ги опфаќа оние изведувачи кои работат на локалната сцена и оние кои заминале да работат во странство.

работат и да се поврзат со локалниот контекст. Со цел јакнење и препознатливост на сцената за современ танц потребни се државни програми со кои ќе се стимулира систематско вклучување на кадрите кои заминале од Македонија. Овие кадри можат да придонесат кон развој и препознатливост на сцената внатре и надвор од државата бидејќи се вклучени во квалитетни проекти, важни меѓународни организации и структури од областа на современиот танц. Според Гизела Мулер, развојот на сцената во Берлин се случил главно бидејќи оние изведувачи и културни работници кои го стекнале образованието во странство се вратиле во Берлин за да го пренесат на домашната сцена. Оттаму при креирање на културните политики треба да се земат во предвид искуствата на актерите од сцената кои заминале на подолг или пократок (студиски или работен) престој во странство.

Потребно е да се воспостават програми за поддршка на соработката со овие кадри, а постоечките институции треба да работат на отварање на канали за подобрување на комуникацијата со нив. Потребно е создавање на база на податоци за проширената сцена (изведувачите кои работат во и надвор од Македонија) како и истражувања за невидливата сцена (изведувачи без формално образование од оваа област кои работат на независната сцена и многу допринесуваат за локалниот и европскиот контекст во последните 3-4 години) заради целосно мапирање на современата македонска танцова сцена. Други начини за поврзување на овие кадри со локалниот контекст се: фестивали, конференции и работилници, резиденцијални и образовни програми во кои тие би се вклучиле.

Заклучоци и препораки:

- Кадар од кореографи и танчери од Македонија кои работат во странство останува неискористен и непрепознаен за потребите на локалната сцена
- Кадарот од Македонија кој работи во странство може да пренесе знаење, капацитети, нови дизајни на работа и дејствување и да даде видливост на локалната сцена за изведувачки уметности во Македонија и надвор од земјата.
- Потреба од вклучување на кадрите кои работат надвор од Македонија при креирање на културна политика за развој на сцената
- Потреба од програми и инструменти за систематско поврзување на кадрите кои заминале од Македонија со локалната сцена за современ танц

## 4. ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОГРАМИ И ТЕОРИЈА ЗА СОВРЕМЕНИ ИЗВЕДУВАЧКИ УМЕТНОСТИ

Денеска се зборува за подеднакво значење на теоријата и праксата на изведувачките уметности и нивен двонасочен однос, или како што ќе се изрази Сенка Анастасова, теоретичар на култура: „Како што теоријата без уметност не може така и уметноста без теорија е сосема невозможна.„

Низ компаративни согледувања за сцените во Србија и Македонија може да се констатира дека на независната сцена во Македонија недостасува критичка рефелексија и развој на истражувачка работа и теорија за изведувачки уметности. Една од главните заложби на НВО Локомотива – Центар за нови

иницијативи во уметноста и културата е спојување на теоријата и праксата. Оттаму при организација на настаните, дејствување и пракса, тие секогаш вклучуваат теориски пристап со цел критичка рефлексија на одредени прашања.

Потребно е стимулирање на отворена дискусија, критичка рефлексија и пишување за современите изведувачки уметности. Идентификувана е потреба за „проширување на јазикот“ кои го користиме со цел зголемено разбирање и критичко – аналитичка рефлексија за современите изведувачки уметности. За таа цел, Министерството за култура треба да поддржи (субвенционира) преводи и издаваштво на важни теоретски книги и списанија од областа на современите изведувачки уметности. Потребно е да се поддржат истражувачки програми за современ танц и современ театар и меѓународна соработка во ова поле.

Констатирана е потреба од поддршка на независните истражувачки центри во областа на културолошките студии и изведувачките уметности, како и отворање на нови можности за теориско промислување во доменот. Досега ова не е направено во ова поле, и клучни теориски книги и текстови се достапни само на англиски, француски, германски, српски, хрватски, словеначки јазик, но не и на македонски јазик.[8] Освен потребата од навремено препознавање и респонзивност на важни проекти врзани за издаваштво и превод на теориска литература потребно е да се реформираат административните процедури за апликација на проекти со цел поголема транспарентност на критериумите за селекција.

Покрај тоа потребна е интерсекторска соработка помеѓу Министерството за култура и Министерството за образование со цел поддршка и стимулирање на гостувања на теоретичари во полето на изведувачките уметности на Катедрата за балетска педагогија при Факултетот за музичка уметност. Овие програми освен за студентите би биле достапни и за пошироката јавност/сцена.

Заклучоци и препораки:

- Програми за поддршка и развој на истражувачки програми и теорија за изведувачки уметности

[8] Пример за несоработка и неподдржување на издавачка активност во овој контекст е случајот со издавачката куќа Центрифуга од Скопје каде Министерството за култура веќе четири години не сака да го субвенционира преводот и публикацијата на Хрестоматијата „Мапирани мемории“ што претставува капитална, обемна и сериозна читанка на најзначајните текстови од домен на теоријата на меморијата и интерпретацијата. Оваа читанка е во издание на еден од најугледните Универзитети во светот – Фортхам Универзити Прес (Fordham University Press), а издавачката куќа „Центрифуга“ од Скопје низ посветена коресподенција и контакти се здоби со авторски права за превод на авторите од оваа книга на македонски јазик. Притоа Министерството за култура тотално ја отфрли поддршката за овој проект, додека преддоговорот со Универзитетот е пред истекување. Министерството за култура треба да даде финансиска поддршка и да стане партнер во проектот бидејќи е недозволиво да пропаѓаат светски публикации и соработки со светски престижни издавачки куќи. Уште еден ваков случај кој говори за трендот на непрепознавање на вредноста на теориските дела од културолошки студии е одбивањето на преводот на теориската книга „Теорија на популарното’’ (2012) од доц.д-р Сенка Анастасова, од македонски на англиски јазик. Овој проект е одбиен од Министерството за култура без никакво образложение иако странска издавачка куќа се јавила како заинтересиран партнер за објавување на истата.Ова се само дел од примерите кои говорат за немање на слух за потребите од теориски дела кои се неопходен сегмент за развој на современата уметност.

- Субвенционирање на преводи, издваштво на книги и списанија од областа на современите изведувачки уметности
- Министерството за култура да стане соработник и партнер во проектите на независните центри кои работат на теориски истражувања.

## 5. РАЗВОЈ НА КОМПЕТЕНТНА ПУБЛИКА И КУЛТУРНИ ПОТРЕБИ

Потребно е политичките елити да го легитимираат значењето на независната сцена за изведувачки уметности како неизоставен дел од културниот систем на Република Македонија. Развојот на компетентна публика и културни потреби за изведувачки уметности (современ танц и театар) е системски проблем, а не грижа единствено на актерите на сцената. Тенденцијата за комерцијализација на продукциите преку следење на афинитетите на публиката е погрешен пристап во развој на публика бидејќи поттикнува акомодација кон постоечките вкусови и трендови за површна, тривијализирана културна побарувачка. Публиката треба да се гради системски и низ институционални рамки почнувајќи од семејството, училиштето (образовниот систем), медиумите и преку државни политики.

Министерството за култура треба да помогне во развојот на публиката за современ танц и театар. Во оваа насока значајна улога има и соработката со Министерството за образование кое треба да се залага за внесување на содржини од современите изведувачки уметности во наставните програми во основните и средните училишта, како и релевантните факултети, развој на културни потреби и компетенции за културно изразување во оваа област кај младите. Исто така треба да се развијат програми за стимулирање на една високо квалитетна култура на слободно време наспроти стимулирањето на тривилијализирана и површна култура која во моментов е процентуално позастапена, помоќна и медиумски поддржана.

Заклучоци и препораки:

- Интерсекторска соработка на Министерството за култура и Министерството за образование кои се клучни актери во градењето на стратегиски приод за развој на културни потреби и компетентна публика за изведувачки уметности - современ танц и современ театар Развој на програми со содржини од современите изведувачки уметности во основните и средните училишта, по примерот на ликовна и музичка уметност (примери од Австрија за воведување на танц и театар со цел развој на креативноста кај децата и младите).

## 6. СОСТОЈБИТЕ СО ОБРАЗОВАНИЕТО И РАБОТНИТЕ МЕСТА НА СЦЕНАТА ЗА СОВРЕМЕН ТАНЦ И ТЕАТАР

Со оглед на тоа што секоја културна политика е најпрво втемелена во образовната политика, состојбите со образованието на кадри во областа на современиот танц и театар е едно од клучните прашања при разгледување на перспективите за развој на независната сцена. Во Македонија постои државен

Факултет за драмски уметности со една подолга традиција (катедри за драматурзи, продуценти, актери, режисери итн.), новоотворена Катедра за балетска педагогија со смерови за современ танц и класичен балет на државниот Факултет за музичка уметност во Скопје во рамки на државниот универзитет „Св. Кирил и Методиј“ и Катедрата за современ танц (Skopje Dance Academy) на Факултетот за применета музика во рамките на приватниот Универзитет за Аудиовизуелни Уметности - Европска Филмска Академија ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк. Важно е да се истакне дека Катедрата за балетска педагогија при Факултетот за музичка уметност – Скопје на државниот универзитет „Св. Кирил и Методиј“ е првата официјална државна академија за танц основана на просторот на поранешните југословенски републики што отвара можности за привлекување на заинтересирани студенти од регионот. Во контекст на современиот танц, во периодот кога не постоеле можности за високо – образовна надоградба, многу од кадрите вработени во МОБ заминувале на дооедукација во источноевропските образовни центри, а еден помал дел во западноевропските образовни центри. Кореографскиот кадар надвор од кадарот на МОБ доминантно се дооедуцирал во западно – европските академии и центри или на интернационалните образовни платформи (Лабан Центар, Rotterdam Dance Academy, Salzburg Experimental Academy of Dance 2004, Австрија, Nomad Dance Academy, Dance web) по што голем дел од овој кадар денес не работи во Македонија со што трансферот на знаење и инпут на локалната сцена е оневозможен.

Со оглед на постоењето на високо образовни институции/ програми од областа на изведувачките уметности како особено важен се наметнува проблемот на поврзување на кадрите кои ги продуцираат овие програми со работни места. Кои услови треба да се развијат за да можат да работат овие кадри по излегувањето од образовниот систем? Какви се перспективите за работа на дипломиран танц педагог или танчер во Р. Македонија? – ова се прашања кои треба сериозно да се разгледуваат при создавање на културната политика за развој на сцената за изведувачки уметности во Македонија. Потребни се заеднички ангажмани на образовните институции и главните чинители во културниот систем за да се постигне усогласување на образовните содржини со потребите на работните места.

Од искуствата на оние кадри кои се образовале како современи танчери и кореографи, МОБ како институција која негува класична балетска естетика ретко и незначително малку одвојува простор во репертоарот за современи танцови дела. На изведувачите образовани во полето на современ танц им преостанува враќање кон класичен балетски репертоар заради обезбедување на стабилно работно место и егзистенција или пак самостојно делување кое не е поддржано на релевантен начин во системот (најистакнат пример во оваа смисла е случајот на Искра Шукарова, кореограф, педагог, танчер и во моментот професор за современ танц на Катедрата за балетска педагогија на Факултетот за музичка уметност во Скопје). Еден од заклучоците е дека не постојат услови за изведувачите да работат самостојно и притоа да се одржат доколку не се вработени во некоја национална културна институција. Независната сцена се гради како простор за поддршка на оние кадри од изведувачките уметности кои немаат можност да го применат знаењето во постоечките национални установи од областа на танцот. Министерството за

култура треба да помогне во создавање на услови за работа на независната сцена за современ танц: основање на посебни фондови за современ танц во рамки на финансирањето на сценско – уметничката дејност, овозможување на простори за работа (студија), гарантирање на статусот на независните изведувачи и културни работници во полето итн.

Во контекст на современиот театар, кадрите едуцирани на Факултетот за драмски уметности и ЕСРА, како и македонските студенти кои студираат на факултетите во Софија го сочинуваат јадрото на млади луѓе кои по завршување на образованието треба да се вработат. Иако во Македонскиот народен театар и Драмскиот театар се вработија голем број на актери во последните години овој број е значително помал од оној што го генерираат академиите како образован кадар.

Што се однесува на критериумите за вработување и селекција во македонските национални театарски установи, се фаворизираат соработки иницирани на неформални начини. Според учесниците на конференцијата, овие институции демонстрираат непотизам и непрофесионалност во менаџирањето и селекцијата на кадри и продукции. Македонските театри се затворени за соработки и водат политика на лични контакти како начин за постигнување на соработка и успех на македонската театарска сцена. И на оваа сцена младите се упатени да создаваат свои независни театарски групи како начин за самовработување и изборување на работна и креативна автономија. Овие независни театри се регистрираат како здруженија на граѓани бидејќи немаат друга законска можност. Независните театари во Македонија треба да се самоорганизираат и обединат околу заеднички став и застапувачки активности со цел добивање на извесни основни права: посебен буџет, статус, простори за работење итн.

Младинскиот културен центар е јавна установа под локалната власт на Град Скопје која во континуитет овозможува логостичко – материјална поддршка на независната театарска сцена во Македонија. Оваа институција во моментов се соочува со несубвенционирано намалување на билетите како дел од антикризните мерки на Владата на Р. Македонија со што ко - продукциските проекти со независните театри и нивно финансиско поддржување од страна на МКЦ станува невозможно. Потребно е да се препознае улогата што оваа институција ја одигра во развојот на независната театарска сцена со цел создавање на соодветен модел на нејзино финансирање и поддршка. Оваа институција како продуцент на најголемиот меѓународен театарски фестивал во земјата – *Млад Отворен Театар* и меѓународниот аматерски театарски фестивал *Лица без маски* треба да се вклучи во програмата за инфраструктурно и техничко субвенционирање на театарските установи во Македонија. Иако не е театар, во согласност со продукциските проекти и капацитетите за соработка со независните театарски групи треба да се гледа како фасцилитатор на развојот на независната театарска сцена во Македонија.

Независната сцена единствено овозможува одржливост на претставите односно нивно повторно одигрување, но не и можности за актерите на оваа сцена да можат да живеат од тоа што го работат. Еден од заклучоците на конференцијата е дека работниот циклус на независната сцена не нуди

заработувачка иако многу се работи и вложува. Прашањето е до кога изведувачот може да работи единствено заради ентузијазам? Погрешен е впечатокот дека уметниците на независната сцена работат единствено заради благородност и дека не им се потребни средства за живот и егзистенција. Многу актуелно се наметнува прашањето за мотивацијата на уметникот да создава наспроти малите финансиски добивки и лошите услови за работа. Потребно е ре- позиционирање на овие кадри во културниот систем и конкретни решенија за адекватно вреднување на трудот во оваа област. Треба да се поддржи отворањето на нови работни места и нивната одржливост. Министерството за култура треба да донесе културни политики чии ефекти ќе дејствуваат мотивирачки врз креативната сила во областа на изведувачките уметности.

Од искуствата на културните работници во полето на изведувачките уметности идентификувани се проблеми со нетранспарентност на селекционите постапки при избор на проекти за финансирање како и концентрација на финансиски средства во националните институции. Констатирана е и опасност од концентрирање на најголем дел од финансиските средства за сценско – уметничка дејност во МОБ со што се подржува доминантно класичен балетски израз. Поддршката на оваа институција е важна, но поддршката на нејзините програми не ги задоволува потребите во полето на современиот танц. Исто така, потпишување на соработка на Министерството за култура со еден центар за современ танц (Интерарт) значи поддржување на едностран пристап во создавање на современ танц што е спротивно на самата функција на современиот танц како и стратегиските заложби во културата за подржување на разноликост во уметничкиот израз. Како што МОБ не може и не треба да ги задоволи потребите на современата танцова сцена, така и поддршка на еден приватен центар неможе да одговори на потребите, напротив, може да создаде дисбаланс. Потребна е дисперзија на средства и поддршка на програма која опфаќа мноштво од актери.

Потребни се програми за континуирана финансиска поддршка на изведувачи кои веќе работат или почнуваат да работат на независната сцена во Македонија. Се препорачува воведување на транспарентен систем за валоризација на проекти при доделување на финансиски средства од Министерството за култура. Исто така потребен е транспарентен систем за вреднување на квалификациите на кадарот како гаранција за рамноправност при барање работа и одредени позиции.

Друго особено важно прашање е продукцијата на квалитетни кадри оспособени за нови иницијативи, продукциски ангажмани и работа на независната сцена за изведувачки уметности. Дипломираните студенти по театар или танц треба да имаат разбирање и свест за системот на културните институции и нивната позиција во тој систем наспроти независнатата сцена и националните културни институции како простори за дејствување. Потребно е да се создадат образовни програми кои ќе го подготват студентот по театар или танц за реалните барања на неговата професија. Независната сцена за изведувачки уметности има потреба од кадри оспособени за различни начини на дејствување и теоретизирање. Од иницијативноста на младите изведувачи и нивните продукциски компетенции зависи идниот развој на независната и институционалната сцена.

Според Маријана Цветковиќ Марковиќ, постојат две главни причини зошто образованието е важно за независната сцена, прво, заради важноста од пренесување на критичкото мислење од културното и уметничкото поле во образовните програми и второ, бидејќи актерите од независната сцена можат да работат во образовниот систем како соработници, наставници и предавачи. Постои потреба искуствата од независната сцена и неформалното образование да се пренесат во формалното образование и академска средина заради стимулирање на отвореност, разноликот и флексибилност во пристапите на создавање на современи изведувачки уметности. Ваква интервенција во системот е потребна за младите луѓе да можат да усвојат нови начини на размислување за уметноста и културата и нови начини на дејствување не само во професијата, туку и во општеството.

Заклучоци и препораки:

- Транспарентна квалификациона рамка при вреднување и селекција на кадри
- Нови педагошки методи и образовни програми во изведувачки уметности: да се подготват студентите за пазарот на трудот, иницијативност и располагање со продукциски компетенции
- Студентите на образовни програми од областа на изведувачките уметности треба задолжително да го познаваат културниот систем на Р. Македонија, главните чинители во тој систем и културните политики од областа во која (ќе) дејствуваат
- Надминување на политиката на лични контакти и барање за поголема транспарентност во доделување на финансиски средства
- Воведување на бенефиции за самостојно вработување на кадрите, на пр. покрај поддршка за уметниците (која треба да се прилагоди на потребите на овие сцени), да се воведе и поддршка за отворање на работни места за менаџери во рамките на независната културна сцена
- Воведување на финансиски механизми- поддршка на повеќегодишни проекти како дел од националната програма за култура. Овие проекти треба да имаат образовен и развоен карактер.

## ЗАКЛУЧОК

Сметаме дека преку овој извештај доволно јасно се доближува и потенцира важноста на овие уметности (современ танц и театар) и потребата од поинаков третман во рамки на културните политики, одвоен, не само како дел од балетската или театарската мејнстрим сцена, туку ,соодветно и посебно третирање, вреднување и грижа за оние кои творат и ги развиваат овие сегменти.

Сознанијата кои се дел од извештајот се само почеток на серија тематски дискусии кои сакаме да ги развиеме, каде предлозите и заклучоците од оваа конференција ќе се разработат подетално. Сметаме дека е од огромно значење тие тематски сесии да се планираат, разработат и имплементираат во партнерство со Министерството за култура.

Понатаму, предлагаме формирање на група од претставници од независната сцена и од Министерството за култура која ќе работи на изработка на план и стратегии за развој во полето на независните современи уметности: танц и театар.

Ние ги нудиме своите ресурси, контакти и експертиза како влог во понатамошната подготовка на документ – план и стратегија за развој на современата танцова и театарска сцена во Македонија.

Со почит,

Биљана Тануровска – Ќулавковски,
Искра Шукарова,
Ксенија Чочкова,
Милка Ивановска,
Сенка Анастасова,
Иванка Апостолова,
Русе Арсов,
Марија Зафирова,
Соња Здравкова – Џепароска,
Драгана Заревска,
Софија Ристевска,
Маријана Савовска,
Виолета Качакова,
Игор Киров,
Кристина Леловац,
Филип Јовановски,
Јасмина Билаловиќ,
Деан Дамјановски,
Кире Миладиноски,
Викторија Илијоска,
Предраг Ристиќ.